Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 24//0306
12.02 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 30.01.2025 година, врз основа на примена жалба од Данела Арсовска, Градоначалник на Град Скопје, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„Данела има нова желба за директор на ЈСП, ќе прифати ли екс менаџерот на Телеком“,** објавен на онлајн медиумот „Експрес.мк“ (expres.mk), на 30.12.2024 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2

1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителката**,** градоначалничката Арсовска, на 05.01.2025 г. до СЕММ упати жалба за текстот со наслов „Данела има нова желба за директор на ЈСП, ќе прифати ли екс менаџерот на Телеком", објавен на онлај медиумот „Експрес" на 30.12.2024 г., при што се жали на неточно и нефер известување, во кој се изнесени невистинити податоци.

Жалителката, преку ополномоштен адвокат, меѓу другото навела дека објавените информации „се неточни, манипулативни и шпекулативни".

„Сметаме дека порталот врши неточно и нефер известување, бидејќи не е застапена втората страна и со тоа е прекршен член 1 од Кодексот, според кој проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството..."

Во жалбата во прилог е доставен и демант упатен до медиумот, како и целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата).

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Данела има нова желба за директор на ЈСП, ќе прифати ли екс менаџерот на Телеком", објавен на онлајн медиумот „Експрес" на 30.12.2024 отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што се прекршени членовите 1, 3 и 13 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и потврди дека станува збор за текст кој третира прашање што е од јавен интерес, односно прашање поврзано со овластувањето

на Град Скопје, поточно на самата градоначалничка, за именување менаџери на јавните претпријатија со кои управува Градот, во случајов, Јавното сообраќајно претпријатие Скопје.

Комисијата најпрво забележа дека медиумот во текстот не се повикува на никакви конкретни извори кои би ги потврдиле изнесените тврдења, туку ги користи фразите „според луѓе од раководството на Градот, блиски на градоначалничката“ и „луѓе од негово опкружување“. Овој тип информирање создава впечаток дека информацијата доаѓа од внатрешни извори, но истовремено не дава можност да се потврди нејзината точност. Тоа според Кодексот на новинарите на Македонија е дозволено, но само доколку изворот тоа го побара од оправдани причини, а медиумот тоа треба да го нагласи. Затоа Комисијата смета дека на овој начин, медиумот свесно презентира непотврдени информации како факти, што е спротивно на императивот за вистинито и точно информирање, односно членот 1 од Кодексот.

Втората етичка забелешка на Комисијата се однесува на тоа што не е објавен демантот на Град Скопје, кој се однесува на овие шпекулации. Ова е во спротивност со обврската на медиумите да известуваат целосно и точно, како и да обезбедат пристојно и фер претставување на сите страни во приказната. Како што предвидува Кодексот на новинарите (член 3), медиумите имаат обврска да ги објават демантите или новите информации кои го менуваат контекстот на претходно објавената содржина и да обезбедат праведно претставување на гледиштата на сите страни, кога веќе тоа не го сториле веднаш, односно уште пред да биде објавена веста.

Комисијата, исто така, забележува дека покрај тоа што насловот е сензационалистички, во самиот текст има и мешање факти со коментар, што според Кодексот (чл.13) е недозволиво. Во еден дел од веста медиуми навел: „Сосема друга е приказната дали Петровски кој важи за еден од нашите подобри менаџери ќе прифати да соработува со Данела Арсовска која покажа речиси никакво познавање за работите во главниот град“.

Поради сето ова Комисијата смета дека се прекршени следните членови на Кодексот на новинарите на Македонија:

**Член 1**

Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

**Член 3**

Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, демант и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата.

**Член 13**

Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Снежана Трпевска, Тамара Чаусидис и Зериета Јајага и Димитар Мицев. На седницата не присуствуваше Жана Божиновска.

*Согласно член 8 од Статутот на СЕММ и член 18 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, медиумот е должен оваа одлука да ја објави во рок од три дена од добивањето на истото место каде што бил објавен и текстот со кој е прекршен Кодексот.*

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2

1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595